> *Прочитајте го упатството внимателно пред да почнете да го употребувате лекот.*
>
> *- Чувајте го ова упатство. Можеби ќе треба да го читате повторно.*
> *- Ако имате некои други прашања, прашајте го својот доктор или фармацевт.*
> *- Овој лек е за лична употреба и не треба да го користат други лица. Тој може да им наштети, иако нивните симптоми се слични со Вашите.*

**ОРС НОРМИА,** 10 кесички рехидратациска сол и 10 кесички Нормиа

**(Електролити, LGG® BB-12® )**

Упатството содржи:

1. Што се ОРС Нормиа кесичките и за што се користат
2. Пред да почнете да ги користите ОРС Нормиа кесичките
3. Како се употребуваат ОРС Нормиа кесичките
4. Можни несакани ефекти
5. Како да се чуваат ОРС Нормиа кесичките
6. Дополнителни информации

## 1. Што се ОРС Нормиа кесичките и за што се користат

**ОРС Нормиа** е храна за посебни медицински потреби наменета за:
- диетална исхрана на болни со загуба на електролити и вода при проливи
- рехидратација, надоместок на електролити
- обновување на цревната микрофлора

Рехидратациската сол служи за приготвување на раствор со кој се надоместува загубата на вода и електролити од организмот.
Посебно одбраните култури на пробиотици *Lactobacillus rhamnosus GG,* LGG® и *Bifidobacterium,* BB-12® ја населуваат цревната слузница, ја обновуваат цревната микрофлора и заедно на природен начин ја смалуваат пропустливоста на цревната слузница и транспортот на штетни материи.

## 2. Пред да почнете да ги користите ОРС Нормиа кесичките

***Бидете внимателни при употребата на ОРС Нормиа кесичките, особено водете грижа за следното:***

*Пред да почнете со употреба на ОРС Нормиа кесичките известете го Вашиот доктор за здравствените проблеми што ги имате или сте ги имале порано, како и за сите алергии.*

***Земање на други лекови***

*Известете го Вашиот доктор или фармацевт ако земате или неодамна сте земале било кои други лекови. Ова се однесува и за оние лекови што сте ги купиле без рецепт, како и за растителните лековити препарати.*
*Пред да престанете со употреба на било кој лек што го употребувате, разговарајте со Вашиот доктор.*

При истовремена употреба на ОРС Нормиа со антибиотици, се пијат на растојание од 2 часа.

***Земање на ОРС Нормиа кесичките со храна или пијалок***
Подготвениот раствор се пие постепено, во тек или после јадење.

**Бременост и доење**

За употреба на ОРС Нормиа за време на бременост или доење потребна е консултација со лекар. Нема податоци за тератогени ефекти на ОРС Нормиа.

**Влијание врз способноста за возење и управување со машини**

ОРС Нормиа кесичките не влијаат врз способноста за возење и управување со машини.

## 3. Како се употребуваат ОРС Нормиа кесичките

*Следете ги наведените упатства за употреба, освен ако докторот не Ви дал други упатства.*
*Не заборавајте да го земате лекот. Докторот ќе Ве упати како и колку долго треба да ги земате ОРС Нормиа кесичките. Не го прекинувајте лечењето пред време.*

Содржината од една кесичка рехидратациска сол се раствора во 200 мл провриена и на собна температура изладена вода. Се пие во мали голтки. Количината на рехидратациски раствор која треба да се испие, во зависност од степенот на дехидратација, потребно е да ја одреди лекар.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

| **телесна маса (kg)** | **Рехидратациски раствор (во мл) во првите 4-6 часа од дехидратацијата** | | **NDK** (ml)** |
|---|---|---|---|
| | лесна дехидратација | средна дехидратација | |
| до 6 | 150-300 | 200-400 | 50 |
| 6-9 | 300-450 | 400-600 | 50 |
| 9-12 | 450-600 | 600-800 | 100 |
| 12-15 | 600-750 | 800-1000 | 150 |
| 15-30 | 750-1500 | 1000-2000 | 200 |
| Повеќе од 30 и возрасни | 1500-3000 | 2000-4000 | 400 |

**NDK најголема дозволена количина на поединечна доза на рехидратацискиот раствор

Содржината на една Нормиа кесичка истурете ја во течност или храна на собна температура. Возрасните земаат 2-3 кесички Нормиа на ден. Деца до 12 години земаат 2 кесички Нормиа на ден. При употреба на повеќе кесички на ден, се пијат на растојание од 2 до 3 часа, во тек или после јадење. При истовремена употреба на Нормиа со антибиотици се пијат на растојание од најмалку 2 часа.

**Ако сте земале повеќе ОРС Нормиа кесички отколку што треба**

Ако сте земале повеќе ОРС Нормиа кесички отколку што Ви препорачал Вашиот доктор, известете го докторот. Не се познати случаи на предозираност од ОРС Нормиа.

**Ако сте заборавиле да ја земете дозата од ОРС Нормиа кесички**

Не земајте двојна доза за да ја надокнадите пропуштената доза!
Земете го лекот што порано и потоа продолжете со употреба според вообичаеното дозирање.

**Ако престанете со земање ОРС Нормиа кесички**

Ако нагло престанете со земање на ОРС Нормиа кесички, симптомите може повторно да ви се појават.

## 4. Можни несакани ефекти

Не постојат позначајни предупредувања за несаканите ефекти на ОРС Нормиа. Постои можност за преосетливост кон некоја од составните компоненти.

*Секој несакан ефект треба да се пријави кај докторот или фармацевтот!*

## 5. Како се чуваат ОРС Нормиа кесичките

Лекот се чува во оригиналното пакување и на температура до 25°C.

Да се чува на места недостапни за деца.

## 6. Дополнителни информации

Што содржат ОРС Нормиа кесичките

***Состојки во 1 кесичка рехидратациска сол*:**
глукоза, натриум цитрат, натриум хлорид, калиум хлорид, супстанции за
спречување на згрудчување: силициум диоксид; аминокиселински хелат на цинк
( пченкарен малтодекстрин, целулоза, натриум карбонат, глицин)

| Рехидратациската сол содржи | во 100g | во 1 кесичка/4,3g | RDA* |
|---|---|---|---|
| глукоза | 65,74 g | 2,82 g | |
| хлориди | 10,54 g | 0,453 g | |
| натриум | 7,88 g | 0,339 g<br>74,4 mmol/l | |
| калиум | 3,65 g | 0,157 g | |
| цинк | 0,07 g | 3mg | 30% |

* препорачан дневен внес (Recommended Dietary Allowances)

**Осмоларитет: 245 Osm/l одговара на 245 mmol/l.**

***Состојки во 1 кесичка Нормиа*:**
Супстанции за зголемување на волуменот: обрано млеко во прав ( содржи 50%
лактоза), безводна глукоза, инулин, сахароза, малтодекстрин, пробиотски соеви
*Lactobacillus rhamnosus GG,* LGG® и *Bifidobacterium,* BB-12 ® супстанции за
спречување на згрудчување: силициум диоксид (Е551).
**Содржи млеко.**

| Нормиа содржи | во 100g | во 1 кесичка/ 1,0 g |
|---|---|---|
| *Lactobacillus rhamnosus GG,* LGG®<br>*Bifidobacterium,* BB-12 ® | $10^{10}$-$10^{12}$ живи бактерии способни за размножување | $10^{8}$-$10^{10}$ живи бактерии способни за размножување |

Енергетската вредност на 1 кесичка рехидратациска сол е 48 kJ (11 kcal).
Енергетската вредност на 1 кесичка Нормиа е 14.28 kJ (3,41 kcal).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| JADRAN GALENSKI LABORATORIJ d.d. RIJEKA | Предлог упатство за пациент | |
| | **ОРС Нормиа Електролити, , LGG® BB-12®** | стр: |

***Изглед и содржина на пакувањето***
10 кесички рехидратациска сол и 10 кесички Нормиа, во кутија

**Име и адреса на производителот**
ЈАДРАН - Галенски лабораториј д.д., Пулац бб, 51000 Ријека, Хрватска, врз основа на лиценца добиена од Chr.Hansen A/S.
BB®-12 е регистрирана трговска марка на компанијата Chr. Hansen.
LGG® е трговска марка на компанијата Valio.

Земја на потекло Италија

**Носител на решението за ставање во промет**
Еуролек, Качанички пат бр.174, Визбегово
1000 Скопје, Македонија
Тел.: 02-2655-855

**Начин и место на издавање на лекот**
Лекот се издава без лекарски рецепт, во аптека.

**Број на решението за ставање во промет/обнова**
**.....................**

**Датум на последната ревизија на упатството**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ